Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ СОВЕТ НАРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Врз основа на член 105 став 1 алинеја 1 од Уставот на Република Северна Македонија, член 41 и член 46 став 1 точка 3 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" бр.58/2006, 35/2008, 150/2010, 83/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.96/19), член 49 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/2019), Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 22.01.2025 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА

За судија на Апелационен суд Битола, за граѓанска област е избран:

**Ристо Сотиров –**судија на Основен суд Битола

Оваа одлука ќе стапи во сила по правосилно завршување на постапката и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

### *О б р а з л о ж е н и е*

Судскиот совет на Република Северна Македонија објави оглас за избор на 3 (тројца ) судии во Апелациониот суд Битола, за граѓанска област, објавен во "Службен весник на РСМ" бр.270/23 од 19.12.2023 година.

На објавениот оглас за избор на тројца судии на Апелационен суд Битола, за граѓанска област се пријавиле вкупно 5 (пет) кандидати кои кандидати се со комплетна документација и истите ги исполнуват условите за избор на судии.

Постапката за избор на судии на Апелационен суд Битола, Советот ја спроведе согласно Законот за судовите, Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија. Согласно Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, Советот формира Комисија која изврши проверка на навременоста на пријавите и комплетноста на документите на пријавените кандидати по огласот. Кандидатите имаат положен психолошки тест и тест на интегритет, со истите е спроведено интервју, а согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Сл. Весник на РМ" бр.150/10) за кандидатите кои се избрани за судии пред 26.11.2010 година не се спроведува проверка на практична работа со компјутери, поради што ваква проверка за кандидатите е спроведена согласно законот.

Комисијата формирана од страна на Судскиот совет на РСМ по спроведена постапка согласно Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на

судија во повисок суд изврши рангирање врз основа на критериумите предвидени во чл.48 ст.2 од Законот за Судскиот совет на РСМ, при што се дадени поени за предвидените аспекти од критериумите и е сочинета ранг листа на кандидати, на која кандидатите со највисоки поени се рангирани на првото место. Од страна на двајца кандидати се изјавени жалби за рангирањето до Комисијата од кои едната е одбиена како неоснована, додека другата е делумно усвоена, по што Комисијата достави Извештај со конечна ранг-листа на кандидати за избор на тројца судии на Апелациониот суд Битола:

**КОНЕЧНА РАНГ - ЛИСТА НА КАНДИДАТИ**
**за избор на 3 (тројца) судии на Апелационен суд Битола,**
**за граѓанска област**

| Ред.бр. | Име и презиме | Судија на | поени |
|---|---|---|---|
| 1 | **Ристо Сотиров** | **Основен суд Битола** | **71,9** |
| 2 | **Дејан Крстанов** | **Основен суд Битола** | **69,59** |
| 3 | **Кирил Јовановски** | **Основен суд Битола** | **69,54** |
| 4 | **Александар Илиевски** | **Основен суд Битола** | **66,96** |
| 5 | **Јасмина Шишковска Стојковиќ** | **Основен суд Прилеп** | **63,05** |

Согласно член 49 ст.2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија е предвидено дека за судија е избран кандидатот кој добил најмалку осум гласови од вкупниот број на членови на Советот со право на глас.

Согласно чл.23 ст.3 од Деловникот за работа на Судскиот совет на РСМ е предвидено дека доколку прворангираниот кандидат на листата при гласањето не го добие потребниот број на гласови, се гласа редоследно за следните кандидати од ранг листата.

На седницата одржана на ден 22.01.2025 година, Судскиот совет расправаше по однос на кандидатите за избор на судии и членовите на Советот се произнесоа за причините поради кои го даваат својот глас, а кои се нотирани во записникот од погоре наведената седница, по што Советот гласаше редоследно по ранг-листата.

Првиот кандидат од ранг листата Ристо Сотиров со 13 гласа -„За“ го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови на Советот со право на глас, поради што редоследно се продолжи со вториот кандидат .

Вториот кандидат од ранг листата Дејан Крстанов со 13 гласа -„За“, го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови на Советот со право на глас согласно чл.49 ст.2 од Законот за Судскиот совет на РСМ.

Третиот кандидат од ранг листата Кирил Јовановски со 5 гласа -„За“ и 8 гласа -„Против“ ,не го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови на Советот со право на глас согласно чл.49 ст.2 од Законот за Судскиот совет на РСМ.

Четвртиот кандидат од ранг листата Александар Илиевски со 11 гласа -„За“ и 2 гласа -„Против“ го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови на Советот со право на глас согласно чл.49 ст.2 од Законот за Судскиот совет на РСМ.

Секој член на Советот со право на глас, даде образложение за својата одлука за избор на судија како што е предвидено во член 49 став 3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Кандидатот Ристо Сотиров има вкупен судиски стаж од 13 години и 14 дена до денот на пријавувањето на огласот и истиот е судија избран од редот на кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители. Како судија работел на граѓанска материја, така што истиот постапувал по имотни, семејни, облигациони, вонпарнични предмети, предмети од мала вредност, платни налози (приговори), од 2025 до 2019 година бил претседател на граѓански оддел, а во периодот 2022-2023 година бил времено упатен во Основниот суд Крушево и ја вршел функцијата ВД претседател на Основен суд Крушево во кој постапувал по сите области и предмети во судот, така што совесно ја вршел судиската фунција и во друг суд и во истиот имал позитивни резултати и имал голем придонес во надминување на состојбата со недостаток на судии во Основниот суд Крушево. При оценувањето за последниот период 2019-2022 година е оценет со позитивна оценка, при што се ценети квалитативните и квантитативните критериуми согласно подзаконските акти. Според образложенијата дадени од членовите на Советот произлегува дека станува збор за исклучително посветен и стручен судија кој добро се изразува во делот на судењата и при писмената изработка на одлуките, искусен судија, пример за судиска совесност, независност, непристрасност, чесност и одговорност, судија со докажан интегритет, истиот е високорангиран, односно прв на ранг листата со 71,9 поени, со значителна предност во однос на останатите кандидати, судија со докажани добри резултати во досегашното работење, истиот е едукатор на идните кандидати од редот на Академијата за судии и јавни обвинители, така да сите наведени квалитети, искуство и знаење би ги пренел и би придонел во ажурноста и во работењето во повисок суд, конкретно во Апелациониот суд Битола.

Имајќи го предвид наведеното, Советот го избра Ристо Сотиров за судија на Апелациониот суд Битола, за граѓанска област.

**Бр.09-207 /1**
**28.01.2025 година**
**Скопје**

**СУДСКИ СОВЕТ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**м-р Александар Камбовски**